# ЧАС 3: Програмирање игра „Лавиринт“

Со оваа вежба ќе креираш лавиринт и ќе програмираш фигура што ќе се движи низ лавиринтот. Проектот зачувај го под име vezba_3.

**1**

Отвори нова датотека во Скреч. Десен клик на фигурата маче и избери **delete** (**избриши**) за да се избрише мачето.




**2**

Направи Скрипта со која фигурата ќе се движи бавно како што се движи глувчето.
Клик на иконата **Choose sprite from library** и селектирај **Butterfly3**.
Клик **OK**.




**3**

Кликни на **Events** и повлечи го блокот **When** **clicked** во областа на скриптата. Кликни на **Control** и вклопи го блокот **repeat until** под него. Кликни на **Motions** и постави ги блоковите **point towards mouse-pointer** и **move...steps**. Во белото празно поле на блокот **move...steps** внеси 1.



**4**

Смали ја фигурата со алатката за смалување **Shrink** што се наоѓа на горната лента со главното мени. Кликни трипати на фигурата за да се смали.




**5**

За да фигурата секоаш почнува да се движи од истото место на Сцената ќе ги зададеш x и y координатите на фигурата. Во јазичето **Scripts** кликни на **Motions** и вклопи ги блоковите **set x to...** и **set y to...** помеѓу блоковите **When clicked** и **repeat until**. Во празните полиња, за **x** внеси вредност **-200**, а за **y** внеси вреност **100**.




**Изврши ја скриптата со клик на зеленото знаменце во горниот десен агол на прозорецот на Сцената. За прекин на скриптата кликни на црвениот знак – стоп ставен до зеленото знаменце.**

**6**

Постави заднина на играта. Кликни на иконата **Stage 1 background** (заднина на Сцената 1) што се наоѓа под Сцената. Кликни на јазичето **Backdrops** (**Заднини**), а потоа на иконата **Fill with color** (**Пополни со боја**) од алатките на областа за цртање.




**7**

Во долниот лев дел на областа за цртање избери целосно боење со клик на и избери боја од палетата бои на долната десна страна во областа за цртање. Со лев клик на областа за боење, истата ќе се обои во избраната боја.



**8**

Сега нацртај ги препреките во лавиринтот. Ќе нацртаме мали кругови и ќе ги обоиме во сина боја. Клик на иконата за цртање Ellipse (Shift: Circle) на лентата и одбери цртање со полн круг со клик на иконата во долниот лев дел на областа за цртање. Нацртај еднакви мали кругови на површината за цртање.

**За да нацрташ вистински круг држи го притиснато копчето Shift од тастатурата и цртај со глувчето.**



**9**

Додека се движи низ лавиринтот фигурата треба да застане кога ќе допре сина боја. Кликни на фигурата под Сцената. Во јазичето Scripts избери Sensing (Распознавање/Сетила). Постави го блокот touching color... во празното поле на блокот Repeat until.




**10**

Во полето touching color... треба да ја ставиш бојата на круговите од лавиринтот. Со лев клик во полето со боја, а потоа со лев клик на обоениот круг на заднината на Сцената. Бојата во полето ќе се смени во сина.

**За да ја почнеш играта кликни на зеленото знаменце во горниот десен агол на прозорецот на Сцената.**

